

Иако со сите свои успеси несомнено припаѓа во рангот на најдобрите кавадаречки спортисти на сите времиња, некогашниот македонски ракометен репрезентативец Марјан Колев речиси и никогаш да не бил во центарот на медиумското внимание, иако приказната која започнува на бетонското ракометно игралиште во Кавадарци, па преку македонскиот репрезентативен дрес, француската лига и назначувањето за прв тренер на женскиот тим на Ница е и повеќе од интересна. Токму назначувањето за прв тренер на женскиот тим на Ница беше причината да го контактираме, а разговорот кој некако природно продолжи не мотивираше да го реализираме интервјуто во кое Колев одговораше на нашите прашања за трансферот во Ница, престојот во Франција, за своите почетоци, но и идеи за подобрување на состојбата со ракометот во Кавадарци, па и Македонија.

www.kavadar4e.com: Марјан, најпрво и официјално честитки за новиот ангажман како прв тренер во женскиот тим на Ница. На самиот почеток, како дојде до соработкта со еден од најдобрите женски колективи во Франција?

Марјан Колев: Најпрво би сакал да Ви се заблагодарам затоа што сте еден од ретките медиуми кои ме контактирале. Се започна со одлуката на Ница за промена на тренерот за следната година, па како и секој клуб прво се допрашале до луѓе блиски до мојот довчерашен клуб, Сент Егрев. Еден од нив е и Илиан Васиљев, бивш интернационалец од Бугарија, со кој во сезоната 2013/2014 бевме противници и кој 15 години работел во машкиот клуб Ница Кавигал, но заедно со актуелниот помошник тренер во женскиот клуб. По неговата препорака луѓе од клубот ме гледале и анализирале два натпревари за потоа да ми се претстават и да стапиме во контакт. Бев изненаден, но во исто време и среќен затоа што се доближив до остварување на една од моите цели во животот. После тоа како втор и последен испит беше третиот натпревар, но овој пат присуствуваа

претставници од управата заедно со луѓе кои го креирале клубот. Очигледно дека го поминав и тој испит, за потоа преговорите да се продлабочат и да завршат со потпис на тригодишен договор.

www.kavadar4e.com: Звучи помалку чудно за македонски услови, но кој е рецептот тренер на третолигашка екипа да биде во интересот и плановите на клуб кој е помеѓу четирите најдобри во француската женска лига?

Марјан Колев: Не само тоа трета, туку и клуб кој испаѓа во четврта лига (хаха) . Да, моментално сум во трета лига, но мислам дека македонската јавност нема информации за мојата еволуција како тренер овде во Франција. Се повторува историјата. Јас и порано кога бев играч не бев интересен за медиумите, иако играв 10 години за репрезентацијата на Македонија, а тоа се повторува и сега како тренер. Ако се земат во предвид со кои услови го однесов клубот два пати во трета лига, (со буџет од 150000 евра, иако среден буџет на еден третолигаш е 300 000 евра, и со 70-80% играчи формирани во клубот), како стигнав до осмина финалето на францускиот куп во 2013 година, и како со селекцијата 2000 на департаментот Изер за прв пат во шест годишната историја го освоив турнирот „Пиер Грилон“ и што е побитно 9 играчи јас што ги селектирав беа селектирани во селекцијата на регионот Роне Алпе и кога ќе додадете дека од кога го преземав Пол Де Шамбери од месец септември како тренер за прв пат имавме 5 играчи селектирани за јужната зона на Франција, речиси половина од територијата на земјата, и три играчи што влегоа во списокот на младата репрезентација тогаш можеби и не е така чудно што некој од погоре е заинтересиран за мене. Значи во тоа е разликата запад - исток. Овде не дека е така лесно и едноставно и дека нема дискриминација во некои погледи, но ако си чесен и квалификуван работник ќе добиеш шанса. Тоа што исто е важно е дека има хиерархија (не дека ја нема во другите земји) и kоја овде таа се почитува на највисоко ниво. Како прво, задачата ја доделуваат на луѓе компетентни и лојални на клубот за да направат избор на некој кој што има квалитет по нивни критериуми, критериуми што одговараат на побарувањата на проектот на клубот, па потоа предлогот го доставуваат до управата и спонзорите кои одлучуваат и превземаат одговорност. Проектот на Ница е да имаат тренер кој доаѓа од машкиот ракомет, кој нема релации со менаџери и играчи од женскиот ракомет, кој може да понуди борбен, модерен и креативен начин на игра, и што е најважно некој што ќе им даде шанса и на младите играчи кои ги има во нивниот центар за формација. Штом ме ангажираа значи и ги виделе тие квалификации кај мене и покрај тоа што сум во трета лига . Нормално сега ќе треба и да ги потврдам тие квалитети.

www.kavadar4e.com: Во најавите кои можеме да ги прочитаме по медиумите, се очекуваат големи промени во играчкиот ростер на тимот и целата политика на клубот. Дали е тоа проблем или само дополнителна мотивација за тебе?

Марјан Колев: Па зависи во кој домен. Јас би рекол не е проблем во домен на функционирање на екипата, дисциплина, тренинзи и слично, затоа што е нова за 9 играчи и ќе може да ги поставам моите критериуми и идеи за работа. Но, во исто време може да биде проблем во доменот на проект на игра што значи за еден нов проект со нови играчи за да функционира добро, сигурно ќе треба време, време кое според мене зависи од мотивацијата и капацитетите на тренерот. Значи, да за мене претставува дополнителна мотивација.

www.kavadar4e.com: Последните години како играч ги помина во тимот на Сент Егрев, каде и ја започна тренерската кариера. Предизвикот наречен Ница дефинитивно носи возбуда, но колку ќе ти недостасува Сент Егрев?

Марјан Колев: Ако земам во предвид дека овде сум веќе 5 години, најдолго во еден град после Кавадарци, и дека клубот ми даде шанса да се покажам и да инвестира во моето формирање како тренер, сигурно дека не ми е лесно да се разделам. Но, овде луѓето ја почитуваат мојата одлука. Во исто време се и горди дека успеале да создадат тренер кој ќе работи во прва лига. Потешко е за мојата фамилија која се навикна на околината. Моите два сина супер се интегрираа во школскиот систем. И јас и сопругата се навикнавме на околината, така да сепак ќе ни треба еден период на адаптација. Но што е најбитно се разделуваме со респект затоа што нема оштетена страна, тие инвестираа во мене, а јас со мојата работа и резултати испишав неколку букви во нивната историја.










adidas


HC Résidences